**З А П И С Н И К**

Од 46 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 14.11.2024 година (четврток) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 11 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
5. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
7. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
8. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
9. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
10. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
12. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
13. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
14. СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА-ПЕТКОВСКА
15. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
16. СИЛВИА АЛЕКСОВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на Општина Крива Паланка — Сашко Митовски

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот — Даниела Велковска

Раководител на сектор за урбанизам ,сообраќај заштита на животна средина и комунална инфеаструктура — Маја Костадиновска

Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај — Никола Граматиков

Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции — Антонио Давитковски

Раководител на Одделение за финансиски прашања — Марија Златановска

Советник-одговорен сметководител — Димитар Петровски

Директор на ООУ Илинден

Претставници од пензионерите

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 45-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од свечената седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог – Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за К1 ,К2 и К3 за III квартал за 2024 – Крива Палнака;
2. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година ;
3. Предлог-Одлука за распределба на средства од блок дотација за за 2025 година;
4. Предлог-Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година;
5. Предлог-Одлука за сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Крива Паланка за реализација на проектот/тите:

   1.-Водоснабдителен систем за с. Конопница во општина Крива Паланка

   2. -Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка (книга 1-Р-ја на градска водоводна мрежа во Крива Паланка)

   (книга 2-Доградба на водоводна мрежа за с. Конопница и с. Градец)

   3. -Изградба на канализација за отпадни води за дел од населба 8-ми октомври над Маневски Мост во град Крива Паланка ;

6. Предлог-Програма за  изменување и дополнување на Програмата  за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за  2024 година;

7. Предлог – Програма  за изменување и дополнување на Програмата за  уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година;

8. Прелог-Одлука за  кофинансирање  на проект „Поставување на урбана опрема, од монтажно- демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934,  КП 2947/2 и КП 2949“, Општина Крива Паланка;
9. Предлог-Одлука за  изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски;
10. Предлог  -Правилник за уредување на условите, начинот и постапката  за доделување на  наградата „Прогласување на земјоделец за 2024 година“;
11. Предлог – Одлука за давање согласност за доделување на наградата „Прогласување на најуспешен земјоделец/лка за 2024 година “ во Општина Крива Паланка;
12. Предлог-Програма  за изменување и дополнување на Развојна Пограма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита  на локалната патна мрежа  на територијата  на  Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;
13. Предлог- Решение за  разрешување на членови на Советот на млади на Општина Крива Паланка;
14. Предлог- Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка;
15. Предлог-Решение за разрешување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;
16. Предлог-Решение за номинација на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;
17. Предлог-Одлука  за давање согласност  на измена на годишниот план за вработување  за 2024 година на ООУ Илинден ;
18. Предлог-Одлука за кофинансирање  на проект  „Изградба на Регулација на минор коритото на Крива Река -дел 4 во должина од 463 м “;
19. Предлог-Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и  детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка;
20. Предлог-Решение за  разрешување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка;
21. Предлог-Одлука за  кофинансирање  на проект  „Реконструкција на дел од ул. Пиринска “.

Председателот со Советот  го стави на усвојување дневниот ред на  46-та седница на Совет  со дополнување на 21 точка  Предлог-Одлука за  кофинансирање  на проект  „Реконструкција на дел од ул. Пиринска “ и истиот е  усвоен со 18 гласа ЗА

Председателот со Советот  го стави на усвојување дневниот ред на  46-та седница на Совет  и истиот е  усвоен со 18 гласа ЗА

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог – Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за К1 ,К2 и К3 за III квартал за 2024 – Крива Палнака;

Претседателката на комисијата за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката како и за сите останати предлог одлуки што беа на дневен ред за комисијата и истите беа усвоени со 3 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Влатко Д.Ристовски овој извештај не се разликува од претходните два и тука се гледа дека доспеаните обврски се уште се ненадмирени и се со голема сума.Не треба да се преземаат обврски кога нема можност истите да се сервисираат.

Градоначалникот даде објаснување по однос на сите обврски кои ги има општината исто така имаше објаснето до каде е постапката за добивање на кредитот.

Советникот Влатко Д.Ристовски ја цитираше одлуката зошто е стопиран кредитот и дека градоначалникот имал погрешно објаснето.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе- **Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за К1 ,К2 и К3 за III квартал за 2024 – Крива Палнака;**

2.Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе- **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година ;**

3.Предлог-Одлука за распределба на средства од блок дотација за за 2025 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за распределба на средства од блок дотација за за 2025 година;**

4.Предлог-Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за** резервирање на **средства за експропријација во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година;**

5.Предлог-Одлука за сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Крива Паланка за реализација на проектот/тите:
1.-Водоснабдителен систем за с. Конопница во општина Крива Паланка

2. -Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка (книга 1-Р-ја на градска водоводна мрежа во Крива Паланка)

(книга 2-Доградба на водоводна мрежа за с. Конопница и с. Градец)

3. -Изградба на канализација за отпадни води за дел од населба 8-ми октомври над Маневски Мост во град Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Крива Паланка за реализација на проектот/тите:**

6.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година;**

7.Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година;**

8.Прелог-Одлука за кофинансирање на проект „Поставување на урбана опрема, од монтажно- демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934, КП 2947/2 и КП 2949“, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Влатко Д.Ристовски владата имала донесено одлука да и помогне на нашата општина за овој проект поставување на катна гаража и се разбира според советникот тоа е за поздравување но требало општината да аплицира со некој други проекти кои би биле попреоритетни за граѓаните и каде нема да бидат потрошени толку многу средства.Според советникот поголем преоритет е проектот за Калин Камен и администрацијата треба да аплицира со тој проект кога ќе има целосна документација за истиот.
Советничката Тања Д.Митровска упати јавна благодарност до службите и градоначалникот за аплицирање на овој проект и за добивање на средставата. Според советничката секој труд треба да се прикаже и награди и смета дека овој проект е многу потребен за решавање на проблемот со паркинг местата во градот и се разбира дека централната власт треба да ги подржува ваквите проекти како и до сега.

Раководител на сектор за урбанизам ,сообраќај заштита на животна средина и комунална инфаструктура Маја Костадиновска даде објаснување за проектот за Калин Камен.

Претседателот на Советот се јави за збор по однос на дискусијата од страна на советниците и според неа владата треба рамномерно да ги распределува средствата на аплицираните проекти на општините се разбира кои се со комплетна документација. Според советничката за сите проекти е заслужна општинската администрација и градоначалникот и нема потреба тие да се правдаат бидејќи си ја вршат работата професионално и одговорно.

Советникот Влатко Д.Ристовски се јави за збор дека тој погрешно била разбран дека тој ја поздравил новата мерка на владата и дека требало да се аплицира со попреоритетни преоекти и дека општинската администрација си работи професионално.

Градоначалникот даде објаснување за проектот за Калин Камен и дека се планира да се аплицира на нареден повик.

Според советникот Дане Милошевски сите се избрани од страна на граѓаните и треба да работат и да има помагаат на граѓаните како што било претходните 7 години од страна на претходната власт а не како сега да се стопираат проекти или да се критикува дека не требало да се аплицира со овој проект за кој се дискутираша на многу седници на совет и кој беше голем проблем на граѓаните од нашиот град за барање на паркинг места.

Според советникот Влатко Д.Ристовски дискусијата на советникот Дане Милошевски не била во ред бидејќи никој нема стопирано никаков проект секој проект кој е во корист на нашата општина ќе биде подржан од нивна страна само имал кажано дека имало многу попреоритетни проекти со кои општинската администрација можела да аплицира на повикот.

Советничката Виолета С.Станојковска имаше реплика до колегата советник Дане Милошевски бидејќи тој во неговата дискусија потенцирал дека во времето на владата на СДСМ проектите се реализирале и дека се било во ред ,но кога колегата советник ВлаткоД.Ристовски имал кажано во неговото излагање дека сега владата на ВМРО-ДПМНЕ им помага на општините во реализација на нивните проекти како и проектите на државно ниво и дека тоа е за поздравување почнале да даваат забелешки и се изгуби нивото на седницата на Советот со дофрлување и напаѓање.Според советничката градоначалникот на секое негово излагање на претходните седници имал потенцирано дека Крива Паланка била испочитувана од претходната влада дека има проекти кои се реализираат итн.Советеничката имаше прашано дали во тоа време исто така биле испочитувани општините каде биле градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.Според советничката се изгуби однесувањето и дигнитетот на Советот.Исто така и за советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата секој развој на Крива Паланка е за поздравување бидејќи тоа е за сите граѓани на општината.И на крај во нејзината дискусија имаше забелешка дека пред да се склучи тоа партнерство со Еско требало да биде направена точна пресметка а не сега владата била крива зошто не бил одобрен кредитот за да се врати долгот за тој договор а и да биде одобрен од страна на владата дали се размислува во иднина како ќе биде вратен истиот.

Советникот Никола Јакимовски во својата имаше образложено некоја информација од даночен експерт која ја имаше дадено по однос на земање на кредитот кој Владата на ВМРО-ДПМНЕ планира да го земе и се разбира на кој начин истиот ќе треба да биде вратен.

Според советничката Виолета С.Станојковска повторно некоја информација која не е изјавена од владата која не е официјална туку од некој даночен експерт и пак нема ништо по однос на точката која е на дневен ред на седницата.

Според советникот Никола Јакимовски сите излагања кои ги имаше колегата Влатко Д.Ристовски биле информации до кои колегата дошол а може се дезинформации.

Според советничката Слаѓана В.Петковска советничката група на опозицијата од една страна во нивната дискусија имаа кажано дека треба да има проекти но од друга страна ја критикуваат владата за земање на кредитот кој бил штетен за нашата држава.Пред кратко време имало посета на претставници од светска банка и тие потврдиле дека станува збор за кредит кој што е најповолен сега.Не треба да го критикуваат земањето на кредитот бидејќи како може да работи оваа влада кога наследи еден задолжен и празен буџет што ќе се случи и на буџетот на нашата општина.

Советникот Никола Јакимовски имаше реплика до советничката бидејќи тој немал употребено збор штетен по однсо на земање на кредитот туку дека истиот е финанскиски неисплатлив и од заем до заме постои разлика и ќе се види како ќе биде во наредниот период.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за кофинансирање на проект „Поставување на урбана опрема, од монтажно-демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934, КП 2947/2 и КП 2949“, Општина Крива Паланка;**

9.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски;**

10.Предло-Правилник за уредување на условите, начинот и постапката за доделување на наградата „Прогласување на земјоделец за 2024 година“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Правилник за уредување на условите, начинот и постапката за доделување на наградата „Прогласување на земјоделец за 2024 година“;**

11.Предлог – Одлука за давање согласност за доделување на наградата „Прогласување на најуспешен земјоделец/лка за 2024 година “ во Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност за доделување на наградата „Прогласување на најуспешен земјоделец/лка за 2024 година “ во Општина Крива Паланка;**

12.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Развојна Пограма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма** за изменување и дополнување на **Развојна Пограма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;**

13.Предлог- Решение за разрешување на членови на Советот на млади на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за разрешување на членови на Советот на млади на Општина Крива Паланка;**

14.Предлог- Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Менде Ристовски досега имало два мандати на локален младински совет кои не функционирале и дека треба општинската администрација да им помогне подобро да работат и сериозно да си ја сватат работата и одговорностите кои ги имаат.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе**- Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка;**

15.Предлог-Решение за разрешување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе**- Решение за разрешување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;**

16.Предлог-Решение за номинација на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе**- Решение за номинација на членови на Општинскиот совет за социјална заштита;**

17.Предлог-Одлука  за давање согласност  на измена на годишниот план за вработување  за 2024 година на ООУ Илинден ;

Директорката на ООУ Илинден даде објаснување

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолета С.Станојковска постави прашање дали има толку зголемен обем на работа во ООУ ,,Илинден'' па да има потреба од ново вработување (архивар).

18.Предлог-Одлука за кофинансирање  на проект „Изградба на Регулација на минор коритото на Крива Река -дел 4 во должина од 463 м ";

Советникот Моме Крстевски побара објаснување

Раководителот на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај

Никола Граматиков даде објаснување

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Моме Крстевски побара објаснување колкава е вредноста според проценката.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе**- Одлука за кофинансирање на проект „Изградба на Регулација на минор коритото на Крива Река -дел 4 во должина од 463 м “;**

19.Предлог-Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА ,Советот донесе**- Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка;**

20.Предлог-Решение за разрешување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе**- Решение за разрешување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка;**

21.Предлог-Одлука за кофинансирање на проект „Реконструкција на дел од ул. Пиринска “.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе**- Одлука за кофинансирање на проект „Реконструкција на дел од ул. Пиринска “.**

**Записничар** — **Претседател на Совет**

**Клара Стевановска** — **Изабела Павловска**